Оливер БАКРЕСКИ

# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПАКТОТ ЗА СТАБИЛНОСТ – состојба и перспективи

*„Ние ќе имаме мир дури и ако треба да се бориме за него.“*
Dwight D. Eisenhower

## *Вовед*

Балканот, во историска смисла на зборот, некогаш поинтензивно, а некогаш порелаксирано, секогаш бил во фокусот на политичките, економските и воените интереси на разни држави кои ја определувале како неговата воено-политичка така и неговата стратегиска положба. Оттука логично се наметнува и одговорот за сегашните односи кои имаат тенденција да се развиваат и усложнуваат до крајни граници.

Со завршувањето на Студената војна и настаните кои ги карактеризираа деведесеттите години на минатиот век, пред Меѓународната заедница се наметна императивот како да се интегрираат државите кои се соочија со кризи и конфликти како резултат на состојбата од новата констелација на односите.

Другите релации од новонастанатата реалност во Европа произлегоа со појавата на нови држави, а со тоа се наметна и потребата од редефинирање на сферите на интересно влијание. Воспоставувањето на новите односи во градењето на безбедносна политика, во лицето на редефинирање на улогата на светскиот колективен систем за безбедност, ширењето и новата улога на НАТО, новата европска безбедносна архитектура гледана преку новата улогата на ЕУ и ОБСЕ и сл. се процеси во кои интензивно е вклучена и нашата земја.

Сите овие настани, но и многу други, едноставно го прават Балканот и понатаму актуелен, што отсекогаш било пресудно за воспоставување на нови односи од секаков вид, но и кобен во времињата кога, наместо разумот, проигрувала силата за решавање на историските права на едни народи спрема други.

Како што претходно потенциравме, разликите и големиот број противречности во последните години на 20 век, предизвикаа такви тектонски нарушувања во Југоисточна Европа кои резултираа со создавање голем број држави, меѓу кои и Република Македонија. По осамостојувањето на РМ и конституирањето како независна и суверена држава, започнаа вкупните општествени промени внатре во самата држава[1].

Република Македонија, во еден нов амбиент и во согласност со воспоставените уставно-правни односи со новиот Устав од 17.11.1991 година, започна да гради нов општествено-политички и економски систем следејќи го примерот на повеќе земји од Европската унија. Уште од самиот почеток на конституирањето, државите од Југоисточна Европа се соочија со повеќе проблеми. Како најчести се наметнаа тие со границите, делбениот биланс, голем број отворени прашања, аспирации за создавање големи држави итн.

На почетокот се мислеше дека решението на државите за надминување на недоразбирањата е во нивно меѓусебно приближување и надминување на разликите, а своевидна алтернатива претставуваше и нивното интегрирање во регионот во кој тие непосредно гравитираат.

Веднаш по сите овие процеси, а со цел да се излезе од новонастанатата ситуација, МЗ почна со реконструкција на регионот за да може тој побрзо да излезе од кризата. Постојано се нудеа различни решенија, а Пактот за стабилност претставуваше само еден напор повеќе кон реализација на основната замисла. Пред извесен период по барање на ЕУ, понудено е решение во форма на Пактот за стабилност како основа за регионално ширење на ЕУ. Партиципиенти во Пактот за стабилност се државите од Југоисточна Европа. Основната замисла на ЕУ беше преку Пактот за стабилност да се создадат сите предуслови кои би им овозможиле на државите најнапред да се демократизираат и економски да се стабилизираат преку реализирање на повеќе проекти, за да можат подоцна, кога ќе се создадат предуслови, тие да ги почнат разговорите што ќе водат кон потпишување на Договорот за стабилизација и асоцијација со ЕУ.[2]

---

[1] Поопширно види: Т. Гоцевски, *Економика на одбраната,* Универзитетска печатница Св. „Кирил и Методиј", Скопје, 1996, 25.

[2] Проект за забрзано реформско преструктуирање во демократскиот процес, пазарна економија, инфраструктура, еколошка средина, регионалната безбедност и соработка.

### *1. Пактот за Стабилност - основа за поширока регионална соработка*

Пактот за стабилност на ЈИЕ е европска солуција – решение за надминување на балканската криза, или, според наше мислење, немоќ на НАТО, ЕУ и на другите субјекти да го извлечат регионот од кризата во која го внесоа самите тие. Што се однесува до овој проект, долгорочната стабилизација на регионот зазема значајно место за заштита од страна на европските институции, но со активно учество на САД и Русија. Инаку, Пактот за стабилност се базира врз структурата на билатерални и мултилатерални договори кои се во насока на јакнење на добрососедските односи меѓу државите во регионот. Пактот за стабилност претставува напор кој ќе ги мотивира државите од регионот да создадат мирно и демократско општество. Балканот има тежок пат кон обезбедување на стабилноста. Со цел да се подобри ситуацијата на Балканот и да се реализира стратегијата за создавање на подобри услови во регионот, посебно внимание му се посветува на регионалниот пристап.[3]

Пактот за стабилност е пример за интернационална превентивна култура.

Како што беше претходно истакнато уште од самиот почеток на трансформацијата на државите, МЗ постојано и во континуитет ги следи сите тековни процеси и е решена во изнаоѓањето на алтернативно решение, кое ќе му помогне на регионот да се извлече од кризата во најкраток временски период. Употребувајќи ги своите механизми, МЗ започна со реконструкција на државите од Југоисточна Европа. Треба да спомнеме дека ЕУ посебно е заинтересирана за стабилноста на државите кои доаѓаат од Југоисточна Европа, затоа што од нивната стабилност во голема мера зависи и стабилноста на Европа. Потврда за тоа е секако фактот дека Југоисточна Европа претставува интегрален дел и нераскинливо јадро од Европа.

---

[3] Во прилог на претходната констатација е фактот дека државите-членки на ЕУ се единствени и согласни во изградбата на единствена стратегија за ширење на ЕУ, а со тоа и за неопходноста од регионален пристап во ширењето.

Регионалното ширење на Унијата, најнапред предвидува започнување на разговори со сите држави-претенденти за членство во ЕУ, како и исполнување на одредени критериуми кои се поставени на високо рамниште, за подоцна, кога ќе се исполнат сите услови, да се пристапи кон потпишување на Договор за стабилизација и асоцијација со Унијата.

Пактот за стабилност ги опфаќа државите од Југоисточна Европа, или повеќе познати како Западен Балкан во кој влегуваат: Хрватска, СР Југославија, БиХ, Македонија и Албанија[4]. Главната цел на еден ваков пристап за ширење на Унијата е демократска и економска стабилизација на регионот кој настрада од долгогодишната војна. Оваа стабилизација се одвива преку реализирање на повеќе проекти дефинирани како реформи, кои подоцна ќе му овозможат негова партиципација во Унијата. За да може ова целосно да се реализира, неопходна е соодветна поддршка на повеќе меѓународни финансиски институции. Нивната донација секако би била насочена кон поддршка на реформските проекти кои се основа во прелиминарните разговори со Унијата.

По барање на ЕУ, на 10.06.1999 година во Келн беше усвоен Пактот за стабилност[5]. Заедничката карактеристика на земјите од Југоисточна Европа е претставена во нивните напори за развивање на заедничка стратегија за стабилност на регионот.

Целта на Пактот за стабилност е да овозможи излегување од кризата што го има зафатено регионот, потоа постигнување траен мир во регионот, како и негова стабилност. За реализирање на вака поставената цел заинтересирани се повеќе меѓународни институции[6]. Од голема важност за државите во регионот е почитувањето на воспоставените норми и принципи, како и нивната обврска за градење и развивање добри меѓусоседски односи. Реализирањето на ваквата замисла претставува гаранција за нивна заемна соработка, а со тоа и просперитет во регионот. Затоа, земјите од ЈИЕ целосно го прифаќаат мониторингот од страна на меѓународните институции како одраз на вкупните напори околу потпишувањето на сите билатерални и мултилатерални договори кои се во

---

[4] Види: З. Нацев и Р. Начевски, *Војна, мир и безбедност*, Македонска ризница, Куманово, 2000, 172.

[5] Потписници на Пактот за стабилност беа: министрите за надворешни работи на државите-членки на ЕУ, Европската комисија, министрите за надворешни работи на Хрватска, Албанија, БиХ, Бугарија, Унгарија, Романија, Руската Федерација, Македонија, Турција, САД, Претседавачот на ОБСЕ и претставникот на Советот на Европа. Покрај овие учесници, на Конференцијата за Југоисточна Европа беа присутни и министрите за надворешни работи на Канада и Јапонија, претставниците на ООН, УНХЦР, НАТО, ЗЕУ, Меѓународниот монетарен фонд, Светската банка, Европската инвестициона банка, Европската банка за обнова и развој, како и претставниците на Рајмонт процесот, BCEC, CEI, SECI и SEECP.

[6] Станува збор за ООН, НАТО, ЗЕУ, ММФ и други меѓународни субјекти.

насока на реализирање на нивната меѓусебна соработка. Преку Пактот за Стабилност, МЗ ги отвора вратите и им дава целосна поддршка на земјите-членки на Пактот. Исполнувањето на повеќе критериуми ќе значи и почеток на целосно интегрирање во евроатлантските структури[7]. Основната замисла на Пактот за стабилност е тој да придонесе за воспоставување мир во земјите од регионот, а со тоа и започнување на голем број структурни реформи, почнувајќи од демократско-политичките процеси кои се базираат врз повеќепартискиот систем и слободните и непосредни избори, потоа слободата на пазарот и претприемништвото како основа за економското уредување на земјата, почитување на основните права и слободи на човекот и граѓанинот, слободното изразување на националната припадност, подеднаков третман на сите видови сопственост, независно судство, независни медиуми, градење меѓусебна доверба меѓу земјите во регионот, координирање на меѓусебните активности на полето на спречувањето на организираниот криминал и др.

Во реализирањето на вкупната замисла, активно се вклучени повеќе релевантни меѓународни организации и институции, како што се ЕУ, ОБСЕ, Советот на Европа, ООН, НАТО, ЗЕУ, потоа повеќе меѓународни економски и финансиски институции како ММФ, Светската банка итн.

## *2. Економска и општествена реконструкција во рамките на Пактот за стабилност*

Во рамките на остварувањето на новите програмски определби, Република Македонија пристапи кон утврдување на правниот поредок воспоставен веднаш по нашето осамостојување. Тоа значи дека еднопартискиот систем го преструктурира во повеќепартиски, а со тоа се определи за имплементирање на сите општоприфатени меѓународни норми и стандарди на полето на демократијата. Беше воспоставен нов политички систем кој се заснова врз парламентарна демократија. Што се однесува до економските реформи започнати уште во периодот кога РМ го трасираше својот пат кон сопствена независност, тие продолжуваат со исто

[7] EUROBALKANS, A. Papadopoulou S.A, No. 34-35, Spring/Summer, Athens, 1999, 43.

темпо, а во последниот период е евидентно и наше преструктурирање. Во рамките на новите определби, вниманието и понатаму е насочено кон јакнење и доусовршување на контурите на стопанскиот систем и тоа на полето на:

– Заштитата на сите видови сопственост во рамките на утврдената уставна гаранција како основа за новите општественоекономски односи;
– Гарантирање на слободата на пазарот и претприемништвото;
– Создавање услови за странски вложувања;
– Утврдување на правата и обврските на субјектите, како и правила на игра во стопанските активности;
– Рамноправност на сите видови сопственост и финализирање на започнатата сопственичка трансформација на општествениот капитал;
– Почитување на пазарните законитости, принципи и механизми во стопанскиот систем;
– Афирмирање на претпријатијата како самостојни економски и деловни субјекти;
– Афирмирање на претприемништвото и менаџерството;
– Користење на искуствата на земјите со пазарни стопанства[8].

Основните фундаменти и структурата на политичкиот и економскиот систем на почетокот беа втемелени врз конституирањето на државотворноста. Подоцна следеше период на нивно доусовршување и доградба, а на крајот таа го трасира патот во согласност со новите тенденции и барања во рамките на Пактот за стабилност.

Во претходните десетина години, Македонија со макотрпна работа успеа да го надмине периодот на транзиција која го зафати поширокиот регион и со право се гордееше и ветуваше дека може да понуди многу повеќе од дотогаш направеното. Но, за жал, последните настани оставија црна дамка во напорите за реализирање на веќе поставената цел.

За да го добие приматот „столб“ на меѓунационалните односи и како земја – пример за тоа како треба да функционира една земја со хетерогена национална популација, РМ целосно се залага за мир и толе-

[8] Поопширно види: Т. Гоцевски, *Економика на одбраната*, Универзитетска печатница „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, 1996, 25.

ранција кон сите граѓани, а особено кон припадниците на бројните и разновидни национални малцинства, со сите можни права и услови за нивна афирмација, настојувајќи да им обезбеди користење и воздигнување на сите форми на културно, религиозно и јазично афирмирање.

Тоа значи дека единствениот пат и решение треба да се бара во граѓаните кои живеат во Македонија и кои ќе покажат дека толеранцијата е единствениот мост што го поврзува мирниот соживот на луѓето, без оглед на некоја меѓусебна разлика врз која било основа во Република Македонија и пошироко на Балканот.[9]

Сите релевантни меѓународни европски и регионални институции и асоцијации се ставија во заштита на македонската дипломатија и државата, при што граѓаните на РМ ќе знаат тоа да го ценат и позитивно да го вреднуваат во градењето на идните односи со Европа и светот.

РМ перманентно работи за надминување и отстранување на политичките пречки кои го оневозможуваат слободниот проток на стока и капитал. Постојано се работи на подобрување и зголемување на економската соработка во регионот како и со останатиот дел од светот.[10]

За таа цел, во тек е економската реформа која треба да создаде здрава економска средина што ќе овозможи економски просперитет како и услови за соодветно интегрирање во светскиот трговски систем.

---

[9] Од досегашната практика се покажа дека етничките односи претставуваат главен генератор за дисолуција на државите. Со донесувањето на Резолуцијата 1345 од 22.03.2001 година од страна на Советот за безбедност во тринаесетте точки, колку што се содржани во таа Резолуција, покрај осудата на насилството, реафирмирање на заложбите за суверенитет и интегритет на Република Македонија и другите држави од регионот и дадената поддршка, исто така се истакнува „потребата за разрешување на сите разлики со дијалог меѓу сите легетимни страни". Воедно се повикуваат државите од регионот на меѓусебно почитување на територијалниот интегритет и соработка (како и на основните принципи на ОБСЕ и Пактот за стабилност).

[10] Република Македонија постојано ја истакнува идејата за економско поврзување на земјите во регионот. Така, на „Економскиот форум" одржан кон крајот на февруари 2001 година во Скопје, во рамките на Четвртиот самит на земјите од ЈИЕ, Балканот во таа насока настапи како една регионална целина, без разлика на националните, верските или идеолошките убедувања. Со определбата кон реформи, компромиси и меѓусебна толеранција, земјите-учеснички на Самитот истакнаа дека се отвора патот кон заедничката цел – интеграција во структурите на ЕУ. Овој Форум претставува уште еден многу значаен чекор кој ја потврдува соработката во регионот и ги поставува основите за поквалитетна регионална соработка и го трасира патот за побрза интеграција на земјите од регионот кон ЕУ. Според специјалниот координатор на Пактот за стабилност на ЈИЕ, Бодо Хомбах, потврда за позитивната платформа се и странските инвестиции, како и вклучувањето на меѓународните финансиски институции во ваквите процеси.

Земјите кои непосредно гравитираат во регионот имаат обврска да преземат одредени активности кои во голема мера ќе придонесат за подобрување на инвестиционата клима, како еден од условите за привлекување странски инвестиции. За реализирање на планираните проекти на регионот му е неопходна меѓународна финансиска поддршка, без која тешко може да се забрзаат конкретните активности. РМ во процесот на економска реконструкција ќе продолжи со напорите да стане привлечна економска средина и со реформи кои ќе бидат пазарно ориентирани.

Република Македонија има обврска да работи систематски и координирано со земјите во регионот, а секогаш е подготвена и ја очекува стручната поддршка од експерти на високоразвиените држави.

За постигнување на побрз економски развој посебно е важна соработката со ММФ и со Светската банка. За да може да се смета на ваква поддршка од овие финансиски донатори, потребно е да се исполнат повеќе критериуми на полето на економските реформи меѓу кои фаворизирање на економската соработка во регионот, потоа учество во координативниот процес како и овозможување мониторинг на овие моќни финансиски донатори во нашите институции.

### *3. Република Македонија и Пактот за стабилност од основна замисла до практична реализација*

Усогласувањето на законската регулатива и механизмите за спроведување на основната замисла во рамките на Пактот за стабилност, самата реорганизација на институциите на државата како и стопанските реформи, практично се првите чекори кои ги прави нашата држава во зајакнувањето на нашата основна замисла.

Меѓународната заедница е цврсто определена да им помогне на државите во регионот. Тоа го прави преку реализирање конкретни проекти. Потврда за тоа секако дека беше поддршката што ѝ беше дадена на Република Македонија од страна на ЕУ, која ѝ овозможи прва да воспостави еден конкретен дијалог и потпишување на Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ. На Самитот во Загреб, РМ и официјално со чинот на потпишувањето на Спогодбата за асоцијација и стаби-

лизација со Унијата на 24.11.2000 год., направи еден чекор повеќе во однос на другите држави-партиципиенти на Пактот за стабилност.[11]

Подоцна, во согласност со определените критериуми и како резултат на конкретните чекори и официјално во Луксембург на 09.04.2001 година, РМ стана првата земја од регионот што ја потпиша Спогодба со ЕУ која во перспектива треба да ѝ овозможи полноправно членство во Унијата. Секако дека тоа не е едноставна работа која може лесно и брзо да се заврши. Напротив, може да се каже дека макотрпната работа допрва ни претстои. Спогодбата за асоцијација и стабилизација со ЕУ претставува голем чекор кон интегрирање на Македонија во Унијата. Договорот за Македонија секако дека претставува и дополнителна обврска, но и ангажман во насока на интензивирање на реформите за приближување кон ЕУ.

Во спогодбата со ЕУ, која е од историско значење за Македонија, се предвидува:

- формирање асоцијација меѓу ЕУ и нејзините земји-членки, од една страна, и РМ од друга страна, во преоден период од најмногу десет години;
- почитување на меѓународниот мир и стабилност, развивање на добрососедските односи, на демократските принципи и човековите права, на правата на малцинствата, на меѓународните правни принципи и владеењето на правото;
- политички дијалог со Македонија;
- одредби за засилена регионална соработка, вклучувајќи ја и можноста за формирање зони за слободна трговија меѓу земјите од регионот;
- перспектива за формирање зона на слободна трговија меѓу Унијата и Македонија најмногу за десет години од стапувањето во сила на спогодбата;
- одредби за движење на работната сила, слобода на основаштвото, давање услуги, тековни плаќања и движење на капиталот;

---

[11] Значењето на Пактот за стабилност беше потврдено на Загрепскиот самит на кој шефовите на држави и на влади на земјите-членки на ЕУ како и Албанија, Македонија, БиХ, СРЈ и Хрватска се согласуваат, како што беше спомнато во завршната декларација, дека Пактот за стабилност придонесува за спроведување на промени, за стопански развој и стабилизирање на соработката во регионот.

- обврзаност на Македонија за приближување на нејзината легислатива со истата на ЕУ, посебно во клучните области на домашниот пазар;
- назначување на Совет за стабилизација и асоцијација кој ќе ја надгледува имплеменацијата на договорот, на Одборот за стабилизација и асоцијација и Парламентарен комитет за стабилизација и асоцијација.

Исполнувањето на овие елементи во основа ќе го интензивира нашето побрзо членство во ЕУ, кое временски е конкретизирано на период од десет години. Овој период се смета дека ќе биде доволен РМ да се консолидира и дека дотогаш ќе успее да ги исполни обврските спрема ЕУ.

Интересите на Република Македонија се постојано врзани за постигнување на целосна стабилност, безбедност и развиеност на ЈИЕ. РМ постојано се залага за регионален пристап кон демократијата, контролирање на изворите кои предизвикуваат конфликт и постојано јакнење на реформите кои се во насока на постигнување на крајната цел, а тоа е интеграција во ЕУ.

### *Наместо заклучок*

На крајот на 20 век се случија големи немири на европската почва. Жариштата кои се јавија на Балканот и во Источна Европа ги загрозија интересите на ЕУ. Државите-членки на ЕУ се согласуваат дека европската безбедност мора да се гради на целокупниот простор и во сите држави кои гравитираат на почвата на Европа.

За да има мирна и стабилна Европа, потребно е да им се овозможи просперитет на сите држави од регионот кои заеднички ќе настојуваат да го одржуваат европскиот мир.

Настаните кои се случија во изминатиот период во РМ предизвикаа потреси во поширокиот регион.

За подобрување на состојбата во регионот, Република Македонија вложува максимален напор што го илустрира бројот на реализирани активности и на оние што се предвидени за реализација на овој план.

Меѓународните субјекти мора да продолжат со давањето силна поддршка на Македонија и да ѝ овозможат побрза интеграција во евроатлантските структури.

Потврда за тоа дека МЗ е цврсто определена да ѝ помогне на Република Македонија, претставува одлуката на ЕУ со која на РМ ѝ беше овозможено да биде првата земја од регионот што се поврза со Унијата со потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација.

На крајот сметам дека Пактот за стабилност не е единствен инструмент за реализирање на нашите интереси. Секако дека Пактот за стабилност ќе придонесе за реализирање на нашата основна замисла, но не е пресуден. Тој може да претставува скала, но не и конечен степен.

Во моментот секако е најнаменски и најпрактичен и со него можат да се реализираат доста цели, но сметам дека долгорочно нашата стратегиска цел треба да биде насочена кон интензивирање на активностите што ќе водат кон приближување со другите меѓународни субјекти. Со секој од нив, Република Македонија е потребно да изгради точни и прецизни потреби како основа за остварување на својот долготраен стратегиски интерес. Со тоа РМ постепено ќе го издиференцира својот пат и ќе го најде своето место во европското семејство на држави.

## Литература


1. Гоцевски Т., *Економика на одбраната,* Скопје: Универзитетска печатница, Св. Кирил и Методиј, 1996.
2. Нацев З., Нацевски Р., *Војна, мир и безбедност,* Куманово: Македонска Ризница, 2000.
3. EUROBALKANS, A. Papadopoulou S.A, No. 34-35, Spring/Summer, Athens, 1999.
4. Гоцевски Т., *Политичкиот и економскиот систем и одбраната на Македонија*, Универзитетска печатница, Св. Кирил и Методиј, Скопје, 1995.
5. EastWest Institute, "South-Eastern Europe Reconstruction Initiative", Draft, EastWest Institute – Prague Centre, 20 July 1999.
6. European Commission, Commicion Communication to the Council and European Parliament on the Stabilisation and Association Process for the Countries of South-Eastern Europe (BiH, Croatia, Macedonia, FRY, Albania), European Commission, Directorate General IA, Brussels, 26.05.99, COM (99) 235, Brussels, 1999.
7. Plain H. Roger, *Multinational Military Forces: Problems and Prospects,* ADELPHI Paper-294, Oxford University Press Inc., New York, The International Institute for Strategic Studies 1995.
8. Stability Pact - *just around the corner,* Albanian Institute for International Studies, Tirana 2000.
9. "Stability Pact for South-Eastern Europe", Cologne, 10 June 1999.

## SUMMARY

Oliver BAKRESKI

## THE REPUBLIC OF MACEDONIA AND THE STABILITY PACT

The region where the Republic of Macedonia exists is in an extremely difficult situation. It is a result of the lasting crisis which emerged from the big contradictions since the last decade of the twentieth century. Many international subjects are equally interested in finding a way out and the Stability Pact, the European Union's idea, is offered as a possible solution in overcoming the contradictions and the crisis. In the realisation of the main objective, a number of proposals are suggested such as mutual approach of the countries in the region, overcoming of differences as well as their integration in the region. Thus, the Republic of Macedonia works intensively on the already started socal and economic reforms. All these endeavours are directed towards our decision for further cooperation with the international institutions. As a result of our endeavours, conditions were created for signing the Agreement for Stabilisation and Association with the EU and altogether of the basic assumptions for full integration in the European Union.